**20231943462**

## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Врз основа на член 43, став 2, точка 11 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Националниот совет на седницата одржана на 7.9.2023 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ СО КОЈ СЕ УТВРДУВААТ СТРУЧНИТЕ И НАУЧНИТЕ НАЗИВИ

Член 1

Во Правилникот со кој се утврдуваат стручните и научните називи („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 125/23) во членот 4 ставот (1) се менува и гласи:

(1) По завршувањето на академските додипломски студии (прв циклус на академски студии) со 180 ЕКТС или 240 ЕКТС студентот се стекнува со академски назив - „дипломиран“ со додавање на назнака изведена од студиската програма и наведување на бројот на ЕКТС.

Во членот 4 во ставот (2), по зборовите „и сродни науки со“ се додаваат зборовите „180 ЕКТС или“, и по зборовите „назнака изведена од студиската програма“ се додаваат зборовите „и наведување на бројот на ЕКТС“

Во членот 4 Ставот (3) се брише. Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 2

Во членот 7 во ставот (2) алинејата два се брише.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 1410-169
14 септември 2023 година
Скопје

Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност
Претседател,
Проф. д-р **Гордана Лажетиќ,** с.р.

# НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**2331.**

Врз основа на член 43, став 2, точка 11 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Националниот совет на седницата одржана на 1.6.2023 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## СО КОЈ СЕ УТВРДУВААТ СТРУЧНИТЕ И НАУЧНИТЕ НАЗИВИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### I.1. Предмет на уредување

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат стручните и научните називи кои студентите ги стекнуваат по завршување на студиска програма од прв, втор или трет циклус.

#### I.2. Цел

Член 2

Целта на овој Правилник е да се утврдат елементите што ги чинат стручните и научните називи кои се стекнуваат по завршување на акредитирана студиска програма од прв, втор или трет циклус на високообразовните установи во Република Северна Македонија, со што се дава можност на лицето кое ја завршило истата да врши некоја професионална дејност или да ги продолжи студиите.

Член 3

(1) Во академскиот (научен и уметнички назив) и стручниот назив се означува степенот и видот на образованието стекнато на високообразовната установа според студиската програма од прв, втор или трет циклус.

(2) Со академски назив се стекнува секој што ќе заврши студиска програма за стекнување на високо образование од прв или втор циклус академски студии.

(3) Со стручен назив се стекнува секој што ќе заврши студиска програма за стекнување на високо образование од прв или втор циклус стручни студии.

(4) Со научен назив се стекнува секој што ќе заврши студиска програма за стекнување на високо образование од трет циклус.

### II. НАЧИН НА СОЗДАВАЊЕ/ФОРМИРАЊЕ НА СТРУЧНИ И НАУЧНИ НАЗИВИ

Член 4
(начин на создавање називи според студиски програми од прв циклус)

(1) По завршувањето на академските додипломски студии (прв циклус на академски студии) со 240 ЕКТС студентот се стекнува со академски назив - „дипломиран“ со додавање на назнака изведена од студиската програма, а со 180 ЕКТС студентот се стекнува со академски назив со наведување на назнака изведена од студиската програма.

(2) Без оглед на првиот став на овој член, по завршувањето на академските додипломски студии (прв циклус на академски студии) од подрачјата на техничките, технолошките, земјоделските, шумарските и сродните науки со 240 ЕКТС студентот се стекнува со академски назив - „дипломиран инженер“ со додавање на назнака изведена од студиската програма. Назнаката изведена од студиската програма може да се запише и меѓу зборовите „дипломиран“ и „инженер“.

(3) Без оглед на првиот став на овој член, по завршувањето на академските додипломски студии (прв циклус на академски студии) од подрачјата на техничките, технолошките, земјоделските, шумарските и сродните науки со 180 ЕКТС студентот се стекнува со академски назив - „инженер“ со додавање на назнака изведена од студиската програма. Назнаката изведена од студиската програма може да се запише пред или после зборот „инженер“.

(4) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на додипломските студии (прв циклус на академски студии) е Bachelor of Science или Bachelor of Arts, со додавка на назнака изведена од студиската програма. Бројот на ЕКТС се додава во заграда.

(5) По завршувањето на стручните додипломски студии (прв циклус на стручни студии) од 180 ЕКТС, студентот се стекнува со стручен назив - „висок стручен“ со додавка на струката. По завршувањето на кратки стручни додипломски студии (прв циклус на стручни студии) со 60 до 120 ЕКТС студентот се стекнува со стручен назив - „виш стручен“ со додавка на струката.

(6) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, стручниот назив по завршување на додипломските студии (прв циклус на стручни студии) е Bachelor of Applied Science или Bachelor of Applied Arts, со додавка на струката. Бројот на ЕКТС се додава во заграда.

Член 5
(начин на создавање називи според студиски програми од втор циклус)

(1) По завршувањето на академските постдипломски студии (втор циклус на академски студии) или академските интегрирани додипломски и постдипломски студии (интегриран прв со втор циклус на академски студии), студентот се стекнува со академски назив магистер на науки или магистер по уметности со назнака на научното поле или потполе. Назнаката за научното поле или потполе се изведува од Меѓународната Фраскатива класификација 2015 година и се запишува меѓу зборовите „магистер“ и „науки“, односно „магистер“ и „уметности“. Назнаката изведена од научното поле или потполе може да се запише и по зборовите „магистер на науки“ или „магистер по уметности“. Називот се дополнува со назначување на соодветното поле/област.

(2) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на постдипломските студии (втор циклус на академски студии) е Master of Science или Master of Arts, во соодветното поле/област.

(3) Без оглед на првиот и вториот став на овој член, по завршувањето на академските интегрирани додипломски и постдипломски студии (интегриран прв со втор циклус на академски студии) на студиски програми по медицина, дентална медицина, ветеринарна медицина, фармација и архитектура, студентот се стекнува со следниве академски називи:

- завршена интегрирана студиска програма по медицина: доктор по медицина (Doctor of Medicine);
- завршена интегрирана студиска програма по дентална медицина: доктор по дентална медицина (Doctor of Dental Medicine);
- завршена интегрирана студиска програма по ветеринарна медицина: доктор по ветеринарна медицина (Doctor of Veterinary Medicine);
- завршена интегрирана студиска програма по фармација: магистер по фармација (Master of Pharmacy).
- завршена интегрирана студиска програма по архитектура: магистер инженер по архитектура (Master Engineer in Architecture).

(4) По завршувањето на стручните постдипломски студии (втор циклус на стручни студии) се стекнува со стручно звање - „специјалист стручен“ со додавка на струката.

(5) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, стручниот назив по завршување на постдипломските студии (втор циклус на стручни студии) е Specialist Applied со додавка на струката.

Член 6
(начин на создавање називи според студиски програми од трет циклус)

(1) По завршувањето на докторски студии (трет циклус на академски студии), студентот се стекнува со научен назив доктор на науки или доктор по уметности со назнака на научното поле или потполе. Назнаката за научното поле или потполе се изведува од Меѓународната Фраскатива класификација 2015 година и се запишува меѓу зборовите „доктор“ и „науки“, односно „доктор“ и „уметности“. Назнаката изведена од научното поле или потполе може да се запише и по зборовите „доктор на науки“ или „доктор по уметности“. Називот се дополнува со назначување на соодветната научна или уметничка област.

(2) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на докторските студии е Doctor of Science или Doctor of Arts, или Doctor of Philosophy.

Член 7
(кратенки)

(1) Во студиските програми покрај целосниот академски (научен или уметнички) назив и стручен назив се определува и неговата кратенка.

(2) За академски називи во студиски програми од прв циклус на академски студии што го содржат поимот:

– „дипломиран“ се користи кратенката „дипл.“;

– „.... инженер“ се користи кратенката „.... инж.“, односно „инженер ...“ се користи кратенката „инж. ...“

– „дипломиран .... инженер“ се користи кратенката „дипл. .... инж.“, односно „дипломиран инженер ...“ се користи кратенката „дипл. инж. ...“

(3) За академски називи од студиски програми од втор циклус што го содржат поимот „магистер“ се користи кратенката „м-р“.

(4) За академски називи од студиски програми на универзитетските интегрирани студиски програми од прв и втор циклус што го содржат поимот:

- „доктор по медицина“, „доктор по дентална медицина“ и „доктор по ветеринарна медицина“ се користи кратенката „др.“;

- „магистер по фармација“ се користи кратенката „м-р фарм.“;

- „магистер инженер по архитектура“ се користи кратенката „м-р инж. арх.“.

(5) За студиски програми од трет циклус за научниот назив „доктор на науки“ и „доктор на уметности“ се користи кратенката „д-р“.

Член 8

Составен дел на овој правилник се одредбите од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 256/2022), Правилник за содржина на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 79/2023), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 245/2022), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност кои се однесуваат на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 245/2022) и Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на други јавни исправи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2018).

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со стапувањето на сила на овој Правилник, неговите одредби задолжително се применуваат при поднесување на нови Елаборати за акредитација на студиски програми од прв, втор и трет циклус академски или стручни студии до Одборот за акредитација по неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| | Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност |
| Бр. 1410-85 | Претседател, |
| 7 јуни 2023 година | проф. д-р **Тодор Серафимовски,** с.р. |
| Скопје | |

---

Bazuar në nenet 43, paragrafi 2, pika 11 të Ligjit për Arsimit të Lartë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 82/2018 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 178/2021), Këshilli Kombëtar në mbledhjen e mbajtur më 1.6.2023 ka miratuar

**RR E G U L L O R E**
**PËR PËRCAKTIMIN E TITUJVE PROFESIONALË DHE SHKENCORË**

I. DISPOZITAT E PËRGJITHSHME

**I.1. Çështje të përcaktuara**

Neni 1

Me këtë Rregullore përcaktohen titujt profesionalë dhe shkencorë që studentët fitojnë pas përfundimit të programit të studimeve të ciklit të parë, të dytë ose të tretë.

**I.2. Qëllimi**

Neni 2

Qëllimi i kësaj Rregullore është të përcaktojë elementët që përbëjnë titujt profesionalë dhe shkencorë që fitohen pas përfundimit të programit të akredituar të studimeve të ciklit të parë, të dytë ose të tretë në institucionet e arsimit të lartë në Republikën e Maqedonisë së Veriut, duke i mundësuar personit që i ka përfunduar ato të kryejë një aktivitet profesional ose të vazhdojë studimet.

Neni 3

(1) Në titullin akademik (titulli shkencor dhe artistik) dhe titullin profesional përcaktohet niveli dhe lloji i arsimit të fituar në institucionin e arsimit të lartë sipas programit të studimeve të ciklit të parë, të dytë ose të tretë.

(2) Titullin akademik e fiton secili që përfundon programin e studimeve në e arsimin e lartë në ciklin e parë ose të dytë.

(3) Titullin profesional e fiton secili që përfundon programin e studimeve në arsimin e lartë në ciklin e parë ose të dytë në fushën profesionale.

(4) Titullin shkencor e fiton secili që përfundon programin e studimeve në arsimit e lartë në ciklin e tretë.

## II. MËNYRA E KRIJIMIT/FORMIMIT TË TITUJVE PROFESIONALË DHE SHKENCORË

### Neni 4
(mënyra e krijimit të titujve sipas programeve të studimit të ciklit të parë)

(1) Pas përfundimit të studimeve të diplomës akademike (cikli i parë i studimeve akademike) me 240 ECTS, studenti fiton titullin akademik "diplomuar" me shtimin e një shenje të dalë nga programa e studimit, ndërsa me 180 ECTS, studenti fiton titullin akademik duke përfshirë një shenjë të dalë nga programa e studimit.

(2) Pavarësisht nga paragrafi i parë i këtij nenit, pas përfundimit të studimeve të diplomës akademike (cikli i parë i studimeve akademike) në fushat e shkencave teknike, teknologjike, bujqësore, pyjore dhe të ngjashme me 240 ECTS, studenti fiton titullin akademik "inxhinier i diplomuar" me shtimin e një shenje të dalë nga programa e studimit. Shenja e dalë nga programa e studimit mund të shkruhet edhe midis fjalëve "diplomuar" dhe "inxhinier".

(3) Pavarësisht nga paragrafi i parë i këtij nenit, pas përfundimit të studimeve të diplomës akademike (cikli i parë i studimeve akademike) në fushat e shkencave teknike, teknologjike, bujqësore, pyjore dhe të ngjashme me 180 ECTS, studenti fiton titullin akademik "inxhinier" me shtimin e një shenje të dalë nga programa e studimit. Shenja e dalë nga programa e studimit mund të shkruhet para ose pas fjalës "inxhinier".

(4) Në tregtinë ndërkombëtare dhe diplomën në gjuhën angleze, titulli akademik pas përfundimit të studimeve të diplomës akademike (cikli i parë i studimeve akademike) është Bachelor of Science ose Bachelor of Arts, me shtimin e një shenje të dalë nga programa e studimit. Numri i ECTS shtohet në thonjza.

(5) Pas përfundimit të studimeve të diplomës profesionale (cikli i parë i studimeve profesionale) me 180 ECTS, studenti fiton titullin profesional "specialist i lartë" me shtimin e fushës së specializuar. Pas përfundimit të studimeve të diplomës së shkurtër profesionale (cikli i parë i studimeve profesionale) me 60 deri në 120 ECTS, studenti fiton titullin profesional "specialist i lartë" me shtimin e fushës së specializuar.

(6) Në tregtinë ndërkombëtare dhe diplomën në gjuhën angleze, titulli profesional pas përfundimit të studimeve të diplomës së shkurtër profesionale (cikli i parë i studimeve profesionale) është Bachelor of Applied Science ose Bachelor of Applied Arts, me shtimin e fushës së specializuar. Numri i ECTS shtohet në thonjza.

### Neni 5
(mënyra e krijimit të titujve sipas programeve të studimit të ciklit të dytë)

(1) Pas përfundimit të studimeve pasuniversitare akademike (cikli i dytë i studimeve akademike) ose studimeve të integruara akademike pasuniversitare (integrimi i ciklit të parë me ciklin e dytë të studimeve akademike), studenti fiton titullin akademik "Magjistër i Shkencave" ose "Magjistër i Arteve", me shënime të fushës së shkencave ose nën-fushës. Shënimi i fushës së shkencave ose nën-fushës dallohet nga Klasifikimi Ndërkombëtar i Frascatit për vitin 2015 dhe shkruhet midis fjalëve "Magjistër" dhe "Shkencave", respektivisht "Magjistër" dhe "Arteve". Shënimi i dalë nga fusha e shkencave ose nën-fusha mund të shkruhet edhe pas fjalëve "Magjistër i Shkencave" ose "Magjistër i Arteve". Titulli plotësohet me përcaktimin e fushës së përshtatshme.

(2) Në tregtun ndërkombëtare dhe diplomën në gjuhën angleze, titulli akademik pas përfundimit të studimeve pasuniversitare (cikli i dytë i studimeve akademike) është "Master of Science" ose "Master of Arts", në fushën e përshtatshme.

(3) Pavarësisht nga paragrafi i parë dhe i dytë i këtij neni, pas përfundimit të studimeve të integruara akademike pasuniversitare (integrimi i ciklit të parë me ciklin e dytë të studimeve akademike) në programet studimore të mjekësisë, stomatologjisë, veterinarisë, farmacisë dhe arkitekturës, studenti fiton titujt akademikë të mëposhtëm:
- me përfundimin e programit të integruar studimor të mjekësisë: Doktor i Mjekësisë (Doctor of Medicine);
- me përfundimin e programit të integruar studimor të stomatologjisë: Doktor i Stomatologjisë (Doctor of Dental Medicine);
- me përfundimin e programit studimor të veterinarisë: Doktor i Veterinarisë (Doctor of Veterinary Medicine);
- me përfundimin e programit të integruar studimor të farmacisë: Magjistër i Farmacisë (Master of Pharmacy);
- me përfundimin e programit studimor të arkitekturës: Magjistër Inxhinier i Arkitekturës (Master Engineer in Architecture).

(4) Pas përfundimit të studimeve pasuniversitare profesionale (cikli i dytë i studimeve profesionale), fitohet titulli profesional "Specialist i Aplikuar" me shtesë të fushës së specializimit.

(5) Në tregtinë ndërkombëtare dhe diplomën në gjuhën angleze, titulli profesional pas përfundimit të studimeve pasuniversitare (cikli i dytë i studimeve profesionale) është "Specialist Applied" me shtesë të fushës së specializimit.

### Neni 6
(mënyra e krijimit të titujve sipas programeve të studimit të ciklit të tretë)

(1) Pas përfundimit të studimeve doktorale (cikli i tretë i studimeve akademike), studenti fiton titullin shkencor "Doktor i Shkencave" ose "Doktor i Arteve", me shënime të fushës së shkencave ose nën-fushës. Shënimi i fushës së shkencave ose nën-fushës dallohet nga Klasifikimi Ndërkombëtar i Frascatit për vitin 2015 dhe shkruhet midis fjalëve "Doktor" dhe "Shkencave", respektivisht "Doktor" dhe "Arteve". Shënimi i dalë nga fusha e shkencave ose nën-fusha mund të shkruhet edhe pas fjalëve "Doktor i Shkencave" ose "Doktor i Arteve". Titulli plotësohet me përcaktimin e fushës së përshtatshme shkencore ose artistike.

(2) Në tregtinë ndërkombëtare dhe diplomën në gjuhën angleze, titulli akademik pas përfundimit të studimeve doktorale është "Doctor of Science" ose "Doctor of Arts", ose "Doctor of Philosophy".

### Neni 7

(1) Në programet e studimit, përveç titullit akademik të plotë (shkencor ose artistik), si dhe titullit profesional, përcaktohet edhe shkurtesa e tyre.

(2) Për titujt akademikë në programet e studimit të ciklit të parë të studimeve akademike që përmbajnë termat:
- "diplomuar", përdoret shkurtesa "dipl.";
- "...inxhinier" përdoret shkurtesa "...inxh.", ndërsa "inxhinier..." përdoret shkurtesa "inxh....";
- "diplomuar...inxhinier" përdoret shkurtesa "dipl....inxh.", ndërsa " inxhinier I diplomuar..." përdoret shkurtesa " inxh .dipl.....".

(3) Për titujt akademikë në programet e studimit të ciklit të dytë që përmbajnë termin "magjistër", përdoret shkurtesa "m-r".

(4) Për titujt akademikë në programet e studimit të programit të integruar universitar të ciklit të parë dhe të dytë që përmbajnë termin:
- "doktor i mjekësisë", "doktor i mjekësisë dentare" dhe "doktor i mjekësisë veterinare", përdoret shkurtesa "dr.";
- "magjistër i farmacisë" përdoret shkurtesa "m-r farm.";
- "magjistër inxhinier i arkitekturës" përdoret shkurtesa "m-r inxh. ark.".

(5) Për programet e studimit të ciklit të tretë për titujt shkencor "doktor i shkencave" dhe "doktor i arteve", përdoret shkurtesa "d-r".

Neni 8

Kjo rregullore përfshin dispozitat e Ligjit për Arsimit të Lartë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 82/2018 dhe " Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 178/2021), Rregulloren për metodologjinë, standardet dhe procedurën për akreditimin e institucioneve të arsimit të lartë dhe për akreditimin e programeve studimore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut", nr. 256/2022), Rregulloren për përmbajtjen e programeve studimore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut", nr. 79/2023), Rregulloren për standardet dhe normat për themelimin e institucioneve të arsimit të lartë dhe kryerjen e veprimtarisë arsimore të lartë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut", nr. 245/2022), Rregulloren për standardet dhe normat për themelimin e instituteteve shkencore dhe kryerjen e veprimtarisë shkencore-hulumtuese që lidhen me programet studimore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut", nr. 245/2022) dhe Rregulloren për përmbajtjen dhe formën e diplomës, udhëzimin për përgatitjen e shtojcës së diplomës dhe të dokumenteve zyrtare të tjera ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 102/2018).

DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 9

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e ardhshme pas ditës së publikimit të saj në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Me hyrjen në fuqi të kësaj rregullore, dispozitat e saj zbatohen obligimisht për paraqitjen e Raporteve të reja për akreditimin e programeve studimore në ciklin e parë, të dytë dhe të tretë akademik ose në studimet profesionale deri te Komisioni i Akreditimit, pas publikimit të tyre në Gazetën Zyrtar të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Nr. 1410-85
7.6.2023
Shkup

Këshilli Kombëtar për Arsimin e Lartë dhe
Veprimtarinë Kërkimore- Shkencore
Kryetar,
Pr. dr. **Тодор Серафимовски,** d.v.